на 15.11.2007 година
ОПШТИНА ОХРИД
се декларираше како:

# СЛОБОДНА ЗОНА ОД ГМО




ПРЕКУ ОВАА ДЕКЛАРАЦИЈА ПОКАЖУВАМЕ ДЛАБОКА ЗАГРИЖЕНОСТ ЗА РИЗИКОТ ОД ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИТЕ ОРГАНИЗМИ КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА:

-МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ
-ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ
-ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ГМО (Генетски модифицирани организми) навидум нормални растенија и животни, во кои со генетски инженеринг се вметнати гени од: други растенија, животни, луѓе, бактерии или вируси, со цел да се внесат нови особини на домаќинот.

**НЕ** ЕКСПЕРИМЕНТИРАЈТЕ СО ТАКВИ СЕМИЊА,
ТИЕ ПРЕТСТАВУВААТ ГОЛЕМ РИЗИК!

*www.ohrid.gov.mk*

Советот на општина Охрид на својата редовна седница на 15.11.2007 год.,
ја прогласи општината за

# СЛОБОДНА ЗОНА ОД ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗИМИ

со едногласно прифаќање на декларацијата
„НЕ ЗА ГЕНЕТСКИ ИНЖЕНЕРИНГ ВО НАШИТЕ ПОЛИЊА„

Со интензивните биотехнолошки истражувања во лабораториски услови се врши манипулирање со генетскиот состав на организмите. Со помош на генетскиот инженеринг различни гени се вадат од еден организам и се вметнуваат во друг, и на тој начин се создаваат организми со сосема нови карактеристики. Како резултат на овие истражувања се разви нова технологија (генетско модифицирање, ГМ) која се користи во производство на генетски модифицирани земјоделски производи и храната.

Причини за прогласувањето на општина Охрид за зона слободна од генетски модифицирани организми се следните:

1. Заради сериозна закана по животот и здравјето на луѓето, земјоделското производство, економијата;
2. Во природни услови генетски модифицираните, (ГМ) насади стапуваат во интеракција со природната флора и фауна. Се размножуваат, мутираат, го напаѓаат околниот жив свет и го уништуваат;
3. Предизвикуваат стерилитет на почвата, имаат силно хербицидно својство и уништуваат дел од биодиверзитетот и
4. Употреба на генетски модифицирана храна може да е причина за појава на алергиски реакции кај човечкиот организам, кои често пати се третираат како алергии со непознато потекло, исто така можна е и отпорност кон антибиотици.

Прогласувањето на општина Охрид за слободна зона од „Генетски модифицирани организми„ има за цел:

- Да го изрази ставот на граѓаните на Оштина Охрид дека не се дозволува внесување, производство и продажба на ГМО производи;
- Да ги заштити граѓаните од опасна и недекларирана храна по нивното здравје;
- Да ги заштити автохтоните семиња во регионот;
- Да го заштити биодиверзитетот од растителни и животински видови во регионот;
- Да повлече поголем број туристи од странските држави кои се заинтересирани за престој во зони ослободени од ГМО, а Охрид ќе се најде на Европската карта на зони ослободени од ГМО.
- Да ја прифати препораката на ЕУ пред пристапувањето земјите да се воздржат од воведување на ГМО во животната средина

Со изгласување на оваа Декларација, општина Охрид:

- Ќе го следи примерот на Ирска, Словенија(само во 2007год. декларира 23 општини како ГМО слободни), Италија, Грција, како и на 4500 општини во Европа кои се приклучени во семејството на општини кои рекоа „НЕ за ГМО;
- Ќе ги охрабри и другите општини во Република Македонија да ја следат и да се декларираат како ГМО слободни и
- Ќе испрати порака за свесноста за проблемот, решителноста да се спречи пред да стане сериозна закана чии последици тешко ќе се санираат.

**За подетални информации можете да се обратите во Општина Охрид - Сектор за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој, контакт лице:**
**Хавза Реџеп Каќел**